# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# ПЛАНЕТУМ

## ПРЕАМБУЛА:

Еколошкото друштво Планетум кое се залага за заштита и унапредување на животната средина, транспарентност, отчетност, добро владеење и професионалност во работата го донесе овој Етички кодекс како стандард за постапување и делување на ЕД Планетум како Здружение на граѓани.Етичкиот кодекс е збир на вредности, принципи и стандарди со кои се насочува и набљудува работата на Здружението и на сите субјекти вклучени во неговата работа.Должност е на сите членови на ЕД Планетум да ги следат принципите и вредностите кои се содржани во овој Етички кодекс, и да се спротистават на сите притисоци за кршење на овие принципи и вредности.

**Принципите и вредностите** ја претставуваат суштината на здружението го детерминираат начинот на однесување на секој поединец од здружението, на самото здружение како и донесувањето на одлуките на здружението.

## ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ:

Ние членовите на ЕД Планетум делуваме исклучиво во склад со нашата визија и мисија;
Во својата работа сме транспарентни, отчетни и одговорни;
Не вршиме дискриминација во однос на возраст, пол, етничка припадност, националност и др. категории;
Во работата сме демократични, партиски неопределени и неселективни;
Се спротиставуваме на сите оние кои ја загрозуваат и уништуваат животната средина и ги кршат основните човековите права за живеење во здрава животна средина на секој поединец;
Ќе останеме независни, и нема да дозволиме економското или политичкото влијание на некој од донаторите да го промени правецот на дејствување на онаа што е предвидено со Статутот на здружението;
Ги исполнуваме сите обврски кои се предвидени со законот на Република Македонија;
Соработката и комуникацијата помеѓу нас, членовите на здружението е засновано на взаемна почит и разбирање;
Поттикнуваме соработка и комуникација со други здруженија на граѓани, медиуми, институции и граѓани, но истите не се во спротивност на нашите вредности и принципи.

## ВРЕДНОСТИ:

***Тимска работа;*** Секој поединец од тимот е важен, но преовладува тимскиот дух во остварување на една заедничка цел. Се поддржуваме меѓусебно преку препознавање на нашите достигнувања и изразување на благодарност.
***Здравје и животна средина;*** Континуирано бараме информации од државните и другите институции за кои сметаме дека се од интерес за животната средина и реагираме на секој еколошки инцидент, неодговорност или небрежност на поединецот, заедницата или државата.
***Посветеност кон мисијата;*** Постапуваме и дејствуваме во склад со мисијата и целите за кои сме формирани/основани.
***Доверба;*** Преку работа ги одржуваме нашите ветувања и покажуваме почит и разбирање за сите наши членови, партнери, корисници и др.
***Чесност;*** Високо ја цениме чесноста како етичка вредност и го осудуваме секој вид на нечесност (измама, поткуп, саботажа и др.) од било кои причини.
***Одржливост;*** Се однесуваме одговорно кон околината и размислуваме долгорочно. Нашите одлуки ги имаат во предвид потребите на идните генерации.
***Професионалност кон работата*** Посветени сме на континуирано подобрување на квалитетот на нашата работа. Ангажираме компетентни луѓе, информирани сме и ги почитуваме принципите на добра комуникација. Ние ги исполнуваме нашите ветувања и обврски и не преземаме обврски кои не можеме да ги исполниме.
***Личен развој;*** Преку поврзување на личните со организациските цели создаваме атмосфера каде што секој поединец има можност да го развива својот потенцијал и ужива во работата. Од огромно значење е нашите луѓе да се чуствуваат среќно и задоволно.
***Партиципативност и отворена комуникација;*** Спрема луѓето со кои работиме (членови и корисници) се однесуваме професионално, љубезно, фер со почит и достоинство кон нив. Имаме јасна комуникација со нив и отворени сме во однос на тоа што можеме и што не можеме да направиме. Овие луѓе ги вклучуваме во одлуките што ги носиме.
***Транспарентност во работата*** обезбедуваме преку споделување до информации до сите членови, како и до целокупната јавност преку различни форми на комуникација.
***Еднаквост и прифаќање на различностите;*** Не правиме разлика помеѓу луѓето (членовите на здружението и нашите корисници) без оглед на возраст, пол, етничка и верска припадност, националност, социјално потекло или било која друга лична карактеристика. Ние создаваме механизми кои ќе им овозможи на нашите членови и корисници да го изразат своето критичко мислење за нашата работа.
***Креативност и иновативност;*** Вреднуваме различна перспектива и нов начин на гледање на работите. Создаваме атмосфера која што стимулира креативност и иновативни идеи.
***Менторство/ учење едни од други;*** На новите членови, вработени и волонтери во здружението, сите поискусни членови им помагаат во развојот на нивната кариера споделувајќи ги нивните знаења, материјали, вештини и искуство.
***Мирно решавање на конфликти на интерес;*** Свесни сме дека секој од нас може во доменот на секојдневната работа да дојде до ситуација во која се спротиставени различни интереси. Вложуваме напори и ќе воспоставиме процедури да сите постоечки и потенцијални конфликти на интерес на време ги препознаеме и спречиме, така да во ниту една ситуација не наштетат на нашата организација, нашите корисници, партнери и соработници.
***Волонтеризам.*** Волонтерите во нашето здружение ги третираме со почит и достоинство и инвестираме во нивниот развој. Се трудиме да им овозможиме да го искористат потенцијалот со кој располагаат, а се обидуваме и соодветно да ги наградиме за своите напори.